Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 14.03.2021

На 13.03.2021 во 20,30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Ѓорче Петров, го лишиле од слобода Д.Т.(24) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.03.2021 во 21,30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Ѓорче Петров, го лишиле од слобода К.К.(28) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2021 во 09,50 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кочани-Штип, кај с.Крупиште се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило „ман" со скопски регистарски ознаки управувано од З.Г.(57) од Свети Николе и патничко моторно возило „пежо" со штипски регистарски ознаки, сопственост на ЈЗУ Општа болница Кочани, управувано од З.Г.(54) од Кочани. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот З.Г. и сопатничите В.Ј.(56) и Ј.А. (71), двајцата од Кочани констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Штип.

На 13.03.2021 во 14,50 часот во Полициската станица Чаир М.Д.(32) од Скопје, пријавил дека на ул."Боца Иванова" бил каснат од куче скитник.

На 13.03.2021 во 10,30 часот Полициската станица Драчево М.А.(70) од Скопје пријавил дека на ул."Бранко Заревски" неговиот внук бил каснат од куче скитник.

На 13.03.2021 во 11,10 часот било пријавено дека на магистралниот пат Штип-Кочани кај с.Уларци, се случила сообраќајна незгода помеѓу „мини купер" со австриски национални ознаки управувано од И.С.(52) од Р.Австрија, патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(36) од Делчево, и товарно моторно возило „пежо" со кочански регистарски ознаки, управувано од Т.С.(51) од Кочани. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот И.С., сопатничката од истото возило Б.М.(46) од Кочани и А.Д. а со телесни повреди се здобиле Т.С. и сопатникот од возилото "ауди" В.А.(58) од Делчево констатирани во Општата болница Кочани. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

Во текот на вчерашниот ден (13.03.2021) Мобилната единица за безбедност во сообраќајот на патиштата спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената на автопатот Скопје-Велес, при што санкционирани се 71 прекршоци. Од нив, 35 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното.

На 13.03.2021 во 16,45 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосницата од ул. „Радишанска" и ул.„Боро Кралевски", се случила сообраќајна незгода помеѓу

патничко моторно возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки управувано од Н.К.(28) од Скопје, мотоцикл „кивеј" со скопски регистарски ознаки, управуван од 17 годишник од Скопје и мотоцикл „јонеј" со скопски регистарски ознаки управуван од 17 годишник од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата мотоциклисти, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и Градската општа болница „8-ми Септември". Со телесни повреди се здобил возачот Н.К. и уште една сопатничка од истото возило констатирани во Градската општа болница „Св Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (13.03.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 186 мерки, меѓу кои за непочитување на брзина на движење санционирани се 68 возачи, 14 санкции за возење без возачка дозвола, три за некористење на сигурносен појас.Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, три санкции за управување под дејство на алкохол, две за минување на затворен сигнал(црвено светло) и 43 за непрописно паркирани возила.

На 13.03.2021 во 21,00 часот било пријавено дека на регионален пат Скопје- ХЕЦ Козјак се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.М.(23) од Скопје, патничко моторно возило "форд фокус" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.К.(30) од Скопје и патничко моторно возило "фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.К.(43) од Скопје. На местото на незгодата починал возачот М.М., а со тешки телесни повреди се здобиле сопатничот од возилото "опел корса" Б.С.(24) од Скопје и малолетен сопатник од возилото "форд фокус" констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза" и Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Со телесни повреди се здобила Р.К. и сопатничите од истото возило Б.К.(31) и двајца малолетници констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.03.2021 полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка-Отсек за потрага и Единицата за интервентна полиција во с. Арачиново го лишиле од слобода С.С.(44) кој се барал со потерница од КПУ Идризово за издржување затворска казна од пет години и еден месец, а во врска со чл.261 ст.1 од КЗ. Лицето е спроведено во КПУ Идризово.

На 13.03.2021 во 16,10 часот С.А. пријавил дека истиот ден околу 15,00 часот во угостителски објект во Гостивар бил физички нападнат со тврди предмети од неговата сопруга С.С.(59) од Гостивар. Таа била приведена и по целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.03.2021 во 20,30 часот, било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Кичево, во близина на селото Изеглавје-општина Дебрца, се случила сообраќајна незгода помеѓу возила со охридски регистарски ознаки, „фолксфаген цета" управувано од Е.С.(22) и „бмв", управувано од А.И.(45), двајцата од Охрид. Тие се здобиле со тешки телесни повреди и биле пренесени во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Со тешки телесни повреди се здобила и Е.С.К.(26) од Русија-сопатник во второто возило, која била пренесена во Комплексот клиники "Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 13.03.2021 во 13,30 часот во СВР-Битола било пријавено дека истиот ден околу 09,00 часот на место викано „Чашка" атар на С.Плетвар - рудник Чашка Д.С.(66) од Прилеп при пад во рудникот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен до Општата болница Прилеп, каде починал. Од страна на Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп извршен бил увид на местото на настанот. По наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 14.03.2021 во 04,15 часот Т.Б.(41) од Скопје пријавил дека на 13.03.2021 околу 21,15 часот на локалниот пат во близина на с.Ново Брезница тој и неговиот зет В.К.(44) биле физички нападнати од Б.К. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 20,30 часот А.П.(21) од Скопје, пријавил дека на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 20,00 часот од полициски службеници од СВР Тетово во Тетово биле лишени од слобода С.М.(37) од Тетово, А.О.(39) од Тетово и Н.А.(39) од Кавадарци затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.03.2021 во 23,55 часот од полициски службеници од СВР Тетово на наплатна рампа Желино бил лишен од слобода Н.И.(34) од Тетово кој управувал патничко моторно возило поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.206 од КЗ. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.03.2021 во 21,30 часот било пријавено дека на регионалниот пат Струмица-Берово, патничко моторно возило „сеат кордоба" со беровски регистарски ознаки управувано од И.З.(21) од Берово излетало надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник и со повреди се здобил возачот. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 13.03.2021 во 19,40 часот С.Л.(55) од Скопје, пријавила дека на подрачјето на Аеродром таа и В.Л. биле физички нападнати од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 15,00 часот било пријавено дека во с.Љубанци-скопско по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу О.Н.(34) од една страна и Љ.Б.(56) и Д.С.(83) од друга страна сите од Скопје. Сочинети записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 13.03.2021 во 16,10 часот Н.Н.(31) од Скопје пријавила дека во с.Љубанци, по претходно нарушен јавен ред и мир била физички нападната од Љ.Б.(56) од Скопје. Сочинет записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 13.03.2021 во 15,20 часот во Полициската станица Центар З.А.(65) од Скопје пријавил дека на Кеј"13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 13.03.2021 во времето од 18,00 до 22,00 часот, полициските службеници од СВР Охрид санкционирале осум возачи кои управувале патнички автомобил под дејство на алкохол. Тие се соодветно санкционирани.

На 13.03.2021 во 13,05 часот Г.Л. од Битола пријавил дека во близина на реката до неговата куќа во Битола пронашол стара граната. Известен бил пиротехничар во ДСЗ-Битола кој по излегување на местото на настанот констатирал дека се работи за стара неексплодирана граната кал 75 мм која потекнувала од Првата Светска Војна и била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 13.03.2021 во 08,30 часот С.Ц.(56) од Валандово пријавил дека во Струмица бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На ден 13.03.2021 во 09,30 часот Т.Т.(67) од Струмица пријавил дека во Струмица бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 21,00 часот било пријавено дека во Радовиш во угостителски објект бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу З.Г.(33), Ж.Т.(57) и С.С.(24) сите од с.Ораовица. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 12,30 часот Ф.И.(36) од Тетово пријавил дека во угостителски објект во Тетово бил физички нападнат од Ф.Н., вработен во објектот. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 17,50 часот А.Р.(43) од Тетово пријавил дека во Тетово неговите две малолетни деца биле физички нападнати од двајца малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 18,30 часот М.Б.(54) од с.Теново пријавил дека во Зелен пазар во Тетово бил физички нападнат од К.Б. и Р.Б. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.03.2021 во 20,40 часот било пријавено дека на магистралниот пат Градско -Прилеп, кај с.Росоман, патничко моторно возило „мазда" со грчки национални ознаки управувано од Х.А.(36) од Р.Албанија удрило во пешакот И.Г.(58) од с.Росоман. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Кавадарци. По наредба на Јавен обвинител Х.А. бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка.